# „Во времето кога меѓу нас беше Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, издвојувавме зекатул фитр за секој – за дете и возрасен, за слободен и за роб – по еден саʿа (мерна единица) храна: или саʿа суво сирење, или саʿа јачмен, или саʿа урми, или саʿа суво грозје

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Во времето кога меѓу нас беше Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, издвојувавме зекатул фитр за секој – за дете и возрасен, за слободен и за роб – по еден саʿа (мерна единица) храна: или саʿа суво сирење, или саʿа јачмен, или саʿа урми, или саʿа суво грозје. На тој начин продолживме да издвојуваме сѐ додека не дојде Муавија бин ебу Суфјан, Аллах нека е задоволен со него, за аџилак или умра. Тој им се обрати на луѓето од минберот, и меѓу другото, рече: ‚Сметам дека два мудда (мерка спојување на двете дланки) пченица од Шам се еднакви на еден саʿа урми.‘ Па луѓето почнаа да го применуваат тоа.“ Ебу Сеид продолжува: „А јас, додека сум жив, ќе продолжам да издвојувам онака како што издвојував и порано.“
[صحيح] [متفق عليه]

Муслиманите издвојувале зекатул фитр во времето на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како и за време на праведните халифи по него – за секого: за дете и возрасен, слободен и роб – во количина од еден саʿа храна. Она што се издвојувало од храна било: јачмен, суво грозје, суво сирење и урми. Еден саʿа изнесува четири мудда, а еден мудд е онолку колку што собираат двете дланки на просечен маж. Кога Муавија, Аллах нека е задоволен со него, дошол во Медина како халиф, а пченицата од Шам (Сирија) веќе била распространета, одржал хутба и рекол: „Сметам дека два мудда пченица (што е половина саʿа) се еднакви на еден саʿа урми.“ Па луѓето почнаа да го применуваат тоа. Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „А јас, додека сум жив, ќе продолжам да издвојувам онака како што издвојував и порано.“

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee